ОПШТИНА КАРПОШ

Сектор за инспекциски надзор

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА 2026ГОДИНА

Дел. Бр. 62-11930/1

Датум: 01.12.2025 година

Место: КАРПОШ (м.п.)

Богданка Милошевиќ Мучева
[име и презиме]

Раководител на
Секторот инспекторат
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

Заради планирање на работите од надлежност на СекторотзаинспекцискинадзорнаОпштинаКАРПОШ со цел постигнување на поголема ефикасност, економичност и ефективност во извршувањето на работните задачи, а согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ“ бр.109/2019 година изготвен е следниов Годишен план за работа.

Со Годишниот план за работа се презентирани активностите на Секторот за инспекциски надзор на Општина КАРПОШкои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор и контрола. Инспекцискиот надзор и контролирањето ќе се врши во сите области на надлежност во инспекцискиот надзорсогласно постоечката законска регулатива, Законот за инспекциски надзор, Законот за општа управна постапка, Законот за прекршоци, Кривичниот законик„ како и евентуалните идни измени и дополнувања на поединечните законски и подзаконски акти.

Инспекцискиот надзор и контрола над субјектите, правни и физички ќе се врши преку овластените инспектори на Општина КАРПОШ согласно одредбите од:Законот за градење, Закон за јавна чистота, Закон за комунални дејности, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за урбаното зеленило,Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за управување со отпадот, Закон за домување, Закон за животната средина, Закон за водите, Закон за заштита од бучава во животната средина,Закон за квалитет на амбиенталниот воздух, Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори, Закон за управување со посебни текови на отпад

При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимавада не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторите по службена должност ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор. При

определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водат од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите првенствено вршат превентивна функција, а изрекуваат инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

АНАЛИЗА НА РИЗИЦИТЕ

При изготвувањето на Годишниот план за работа во Секторот за инспекциски надзор односно планот на работа на секој инспектор, се прави анализа на ризик при одредување на приоритети за инспекциски надзор т.е. секој инспекциски надзор се заснова на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низо, среден и висок.

Согласно член 32 од Законот за инспекциски надзор, инспекциските служби организирани како организациони единици во единиците на локалната самоуправане изработуваат Методологија за проценка на ризик. Согласно овој член, обврската за изработка на оваа методологија ја имаат државните инспекторати, па затоа истата ќе биде применувана и кај соодветните инспекциски служби во Општина КАРПОШ.

Доколку при реализацијата на Годишниот план за работа на Секторот за инспекциски надзор се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, ќе се земат во предвид при подготвувањето на месечните извештаи за работа на инспекторите.

При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животна средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор .

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава на субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторивање по претходно утврдена состојба.

Изработката на Годишниот план за работа на Секторотинспекторат се однесува на периодот 01.01.2026година до 31.12.2026година водејќи притоа сметка на платените отсуства.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАКОВОДЕЊЕ

- Согласно Правилникот за систематизација на работни места на општинската администрација во Општина КАРПОШ, инспекциската служба е организирана како Секторинспекторат со одговорност пред Градоначалникот. Секторот е составен од Раководител на Сектор,овластени инспектори за одредени области, комунални редри и останати административни службеници. Овластени инспектори согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општина КАРПОШ предвидени се:

- Раководител на Сектор - 1
- Пом. Раководител на Сектор - 0
- Раководител на одделение за комунална инспекција -1
- Раководител на одделение за урбанистичка и градежна инспекција -0
- Советник комунален инспектор –1
- Советник инспектор за утврдување на наплата на данок – 0
- Советник градежен инспектор –1,
- Општински инспектор за животна средина – 1
- Општински инспектор за домување – 1
- Советник просветен инспектор - 1
- Самостоен инспектор за домување – под менторство – 1
- Самостоен градежен инспектор – под менторство - 1

Во состав на одделението за комунална инспекција се и следните административни службеници:

- Комунални редари – 8

Табела1:Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид**, возраст и звање**

Вид	Раководители						Градежна инспекција						Комунална инспекција						Инспекција за домување					
Ниво-Звање/Возраст	**<30 г.**	**31-40 г.**	**41-50 г.**	**51-60 г.**	**>60 г.**	**Вкупно**	**<30 г.**	**31-40 г.**	**41-50 г.**	**51-60 г.**	**>60 г.**	**Вкупно**	**<30 г.**	**31-40 г.**	**41-50 г.**	**51-60 г.**	**>60 г.**	**Вкупно**	**<30 г.**	**31-40 г.**	**41-50 г.**	**51-60 г.**	**>60 г.**	**Вкупно**
Б1 – генерален инспектор																								
Б2 – главен инспектор		Богданка Милошевиќ Мучева																		1				
Б3 – пом. Главен инспектор																								
Б4 – виш инспектор																								
В1- советник инспектор																Ирена Милевска								
В2 –самостоен инспектор																								
В3 – помошен инспектор																								
В4 – помлад инспектор									Душко Андонов															
Вкупно																								

Табела1:Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид**, возраст и звање**

Вид	Инспекција за животна средина						Просветна инспекција					
Ниво-Звање/Возраст	**<30 г.**	**31-40 г.**	**41-50 г.**	**51-60 г.**	**>60 г.**	**Вкупно**	**<30 г.**	31-40 г	**41-50 г.**	51-60 г	> 60г	Вкупно
Б1 – генерален инспектор												
Б2 – главен инспектор												
Б3 – пом. Главен инспектор												
Б4 – виш инспектор				Гордана Максимовска								
В1- советник инспектор										Даниела Кочоска		
В2 –самостоен инспектор												
В3 – помошен инспектор												
В4 – помлад инспектор												
Вкупно												

Табела 2: План за **нови вработувања и пензионирања** на инспектори

Вид	Раководни Инспектори			Инспектор за туризам			Комунален инспектор			Инспектор заутврдување на наплата на данок		
Ниво-Звање/Возраст	Враб	Пенз.	Разлика	Враб	Пенз.	Разлика	Враб	Пенз.	Разлика	Враб	Пенз.	Разлика
Б1 – генерален инспектор												
Б2 – главен инспектор												
Б3 – пом. Главен инспектор												
Б4 – виш инспектор												
В1- советник инспектор												
В2 –самостоен инспектор												
В3 – помошен инспектор												
В4 – помлад инспектор												
Вкупно												

Вид	Градежен инспектор			Инспектор за животна средина			Просветен инспектор			Инспектор за домување		
Ниво-Звање/Возраст	Враб	Пенз.	Разлика	Враб	Пенз.	Разлика	Враб	Пенз.	Разлика	Враб	Пенз.	Разлика
Б1 – генерален инспектор												
Б2 – главен инспектор												
Б3 – пом. Главен инспектор												
Б4 – виш инспектор												
В1- советник инспектор												
В2 –самостоен инспектор												
В3 – помошен инспектор												
В4 – помлад инспектор												
Вкупно												

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

1. Комунална инспекција

1.1 Комунален инспектор

Појдовна основа за изработка на планот за комуналната инспекција се следните прописи: Закон за комунални дејности, Закон за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за управување со пакување со пакување и отпад од пакување, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за зеленило, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина КАРПОШ, Одлука за јавната чистотана територијата на Општина КАРПОШ, како и подзаконските акти произлезени од овие закони.

Согласно горе наведените закони, комуналниот инспектор од Одделението за инспекциски надзор, врши инспекциски надзор над:

- Јавното комунално претпријатие и над физички и правни лица и тоа:
  - чистење на снег во зимски услови согласно со Програмата за зимско одржување;
  - расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради (правни и физички лица);
  - одржување на јавни површини на отворени простори;
  - отстранување на хаварисани возила од јавни површини;
  - вршење на погребални услуги од страна на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
  - неконтролирано оставање, фрлање напуштање спалувањена отпадот од страна на правни и физички лица;
  - инспекциски надзор над физичките и правни лица како корисници на комуналните услуги;
  - вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица;
  - подигање непрописно паркирани возила на зелена површина во соработка со ЈП Градски Паркинг, Скопје
  - Идентификување и водење на инспекциска постапка за отпадни (хаварисани) возила
- Комуналниот инспектор преку извршување на инспекцискиот надзор и преземање на соодветни **инспекциски** мерки придонесува за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на Јавнито

комунално претпријатие основано од општинита, насреден рок, како и на правните и физичките лица на кои им е издадена дозвола за вршење на **соодветна комунална дејност од страна на државниот орган на управата.**

Критериумите со насоки за утврдување на субјектите на инспекцискиот надзор кај кои ќе се врши редовен и контролен инспекциски надзор и потенцијални субјекти за вонреден инспекциски надзор се:

- значењето и сложеноста на инспекцискиот надзор (Јавни претпијатија основани од општината), како даватели на услуги и нивните корисници за одведување и прочистување на отпадните води преку канализациониот системи,
- правни и физички лица на кои Владата на Република Македонија им има доверено вршење на соодветна комунална дејност, преку соодветни дозволи и лиценци издадени од надлежен орган од областа на комуналните дејности,
- управители на гробишта во делот на тековното и инвестиционо одржување на гробната и инфраструктура,
- оператори на погребални услуги на кои надлежниот орган од областа на комуналните дејности им има издадено дозвола за вршење на овие дејности на кои особено треба да им се врши вонредени инспекциски надзори заради проверка на одржливоста на издадедената дозвола и условите под кои ги вршат тие услуги,
- Контролниот инспекциски надзор се врши кај оние субјекти на инспекциски надзор на кои им е издадено решение со рок на отстранување на неправилноста,
- вонредниот инспекциски надзор се врши по поднесена Иницијатива за поведување на инспекциска постапка, како и во случаи на преставки доставени од страна на правни и физички лица.

Цели кои треба да се постигнат при инспекцискиот надзор:

- остварување и за заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- работите ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и непристрасно; инспекцијата, по службена должност, ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор;
- при вршењето на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекцијата ги презема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

- при определувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекцијата се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоците;
- вршење превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

При анализата на ризик во делот на комуналната инспекција утврдено е дека предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризичните подрачја од областа на комуналните дејности дефинирани според конкретните појави од ризици, кои искуствено врз основа на досегашните инспекции имаат третман на ризично подрачје. преземање на мерки за обезбедување на јавната чистота по чл.14 и 14а, согласно на член 37 од Законот за снадбување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, согласно член 34 од Закон за урбано зеленило по согласност на чл.43 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина.

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина КАРПОШ и органите на државно ниво, пред сè со МВР-СВР КАРПОШ.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на комуналниот инспектор за 2026 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 3.3. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

Реден бр.	Општина КАРПОШ 1 извршител	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Комунален инспектор	12	30	20	62	20

Реден бр.	Општина КАРПОШ 1 извршител	Налози за подигање непрописно паркирани возила од зелена површина	Вкупно налози
1	Комунален инспектор	50	50

Реализација на годишнниот план за работа на комуналниот инспектор ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд, односно прекршочен орган.

3.2. Комунални редари

*Појдовна основа за изработка на планот за работа на комунални редари*за 2026 година се:Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота,Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина КАРПОШ, Одлука за јавната чистота во Општина КАРПОШ идруги законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2025 година а се во надлежност на комуналните редари.

Задачите и активностите кои ќе бидат задолженија на комуналните редари во текот на 2026година, во рамките на Планот се таксативно приложени започнувајќи со:

Редовна контрола на терен, при утврдување на неправилности на терен превземање мерки согласно законските надлежности, обуки за имплементација на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности, Закон за управување со посебни текови на отпад, соработка на комунални редари со другите инспекции во рамките на одделението за инспекциски надзор, каки и другите одделенија и сектори во Општина КАРПОШ и другите органи на државно и локално ниво.

Планот ќе се реализира со 8 комунални редари.

Активности на комуналните редари:

Контролата од комуналните редари ќе се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности, Закон за управување со посебни текови на отпад како и одлуките донесени од СОВ врз основа на овие закони.

Контролата ќе се врши на начин што територијата на Општина КАРПОШ е поделена на 7реони, а сé со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија и тоа:

Реон 1 – УЗ „ВладоТасевски“ – 18 улици

– УЗ „Карпош 1“ – 6 улици

Реон 2 – УЗ „Тафталице 1“ – 14 улици

– УЗ „Карпош 2“ – 8 улици

Реон 3 – УЗ „Карпош 3“ – 14 улици

– УЗ „Карпош 4“ – 12 улици

Реон 4 – УЗ „Тафталице 2“ – 18 улици

– УЗ „Нерези“– 36 улици

Реон 5 - УЗ „ПецоБожиновски-Кочо“ – 20 улици

– УЗ „КузманЈосифовски-Питу“ – 27 улици

Реон 6 –УЗ „Влае 1“ – 10 улици

– УЗ „Влае 2“ – 10 улици

Реон 7 – УЗ „Злокуќани“– 9 улици

– МЗ „Бардовци“ – 10 улици

Секој комунален редар контролира еден реон. По потреба може да се сменат реоните кои ги контролираат комуналните редари со предходен договор од раководителот на одделението.

Редеи бр.	Општина КАРПОШ 8 извршител	Вид на надзор		Вкупно записници	Вкупно неправилности
		Записник за сторен прекршок	Прекршочен платен налог		
1	Комунални редари	100	100	100	100

Реализација на годишнниот план за работа на комуналните редари ќе биде спроведуван преку изработка на месечен план за работа во склоп на месечниот план за работа за секој инспектор, издадени налози за вонредна контрола од страна на Раководителот на Одделението за инспекциски надзор. Доколку комуналните редари при вршењето на контролата утврдат неправилности, согласно погоре горе наведените прописи, истите се должни да превземат мерки согласно нивните надлежности произлезени од таа законска регулатива, односно онаму каде што сметаат дека е оправдано, издаваат опомена, или пак записник за сторен прекршок и прекршочен платен налог.

2. Градежна инспекција

Појдовна основа за изработка на планот за градежната инспекција е Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20),како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведениот закон, градежниот инспектор од Одделението за инспекциски надзор, во 2026 година ќе врши инспекциски надзор над:

- градбата на градежните објекти на лице место и утврдување на податоци и докази за градбата со кои се утврдува дали истата се гради со почитување на законите со кои се регулира градбата на објекти;
- објекти кои се градат без одобрение за градење;
- квалитет на градба на објектите за кои Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина КАРПОШ има доставено акт со кој се потврдува донесување Одобрение за градење, Одобрение за реконструкција, пренамена и санација на објект;
- сите учесници во градба на еден градежен објект кои треба да исполнат одредени критериуми, стандарди и имаат лиценца за вршење на таков вид на активност, од фаза на проектирање се до фаза на предавање на објект во употреба;
- правните и физичките лица кои имаат поставено урбана опрема на јавните површини;
- По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:

- придонесување на подобрувањето на контролата на објектите што се градат и поквалитетна градба на сите видови градежни објекти од втора категорија на објекти, како и почитување на законите на сите физички и правни лица учесници во сите фазите на градба на еден објект;
- законита и стручна примена на законите со цел сите учесници во било која фаза на градба на еден градежен објект, било да се физички лица или правни лица да ги почитуваат законите со кои се регулира градбата на објектите;
- градежната инспекција делува превентивно со навремена контрола врз градбите и начинот на градба на истите како и превземање санкции во колку некоја градба не се изведува во согласност со важечките закони;

- примена на законите за да се заштити државниот интерес како и интересот на секој поединечен граѓанин што учествува во градбата или е засегнат при градење на објект во непосредна близина на сопствениот објект;
- брзо, ефективно и стручно водење на управните и инспекциските постапки и во временски со закон определен рок со што истите би се завршиле во што е можно пократок рок;
- преку вршење надзор над градбите се зголемува квалитетот на градбите и се гарантира дека градбата се гради во согласност со стандардите за градба за соодветен тип на објект од втора категорија на градба;
- при определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интересили интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;
- Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;
- Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција.

Градежниот инспекторво рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во Општина КАРПОШ и органите на државно ниво, како и соМВР-СВР КАРПОШ.

При анализата на ризици како ризични подрачја се идентификувани следните: градење, реконструкција, надградба и доградба на објекти без потребна документација; непридржување на инвеститорите и изведувачите кон одобренијата и решенијата за објектите издадени од Градоначалникот; непридржување на законските обврски на инвеститорите и изведувачите при започнување, тек и завршување на градба, доградба, надградба, реконструкција; поставување на урбана опрема и времени објекти без одобрение, односно непридржување на условите од одобрението.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Градежниот инспекторза 2026 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Табела 3.5. Преглед на вкупен број неправилности и инспекциски надзори по вид за 2026 година

Реден бр.	Општина КАРПОШ 1 извршител	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Градежен инспектор	10	55	35	100	50

Реализација на годишнниот план за работа на градежните инспектори ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања пред надлежен суд согласно своите овластувања.

3. Инспекција за животна средина

Овластениот инспектор за животна средина во текот на 2025 година работните активности за вршење на инспекциски надзор ќе ги применува следниве законски и подзаконски акти:

- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10 ,124/10 и 51/11);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија “ бр. 50/10, 162/10 и 157/11);
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија “ бр. 38/05 и 110/08 , 51/11).
- Законот за заштита од бучавата во животната средина;
- Законот за управување со отпад;
- Закон за амбиентален воздух;
- Закон за заштита на природата;
- Закон за управување со посебни текови на отпад
- Одлуки, Уредби и Правилници кои се донесени од страна на надлежните државни органи и локалната самоуправа, овластениот инспектор по животна средина тековно ќе реализира неопходни работни должности во согласност со добиените претставки од граѓани и други органи, како и по сопствено видување.

Покрај тековните активности, овластениот инспектор по животна средина ќе соработува со: Министерството за животна средина и просторно планирање, како и со државните инспектори по животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, одделението за заштита на животната средина и природата, одделението за комунални работи во Општина КАРПОШ, како и со правни субјекти поточно овластени претпријатија за вршење на мерења кои се потребни за спроведување на законската регулатива.

Предмет на контрола ќе биде следното:

- Инспекциска контрола во делот на животна средина ќе се врши во целата територија на Општина КАРПОШ со цел за поефикасно и поквалитетно следење на состојбите;
- Утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи под Елаборат за заштита на животната средина;
- Утврдување на капацитетот на правниот субјект и на производството по просечна вредност на квартал на основа;
- Утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите и дејности на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б-интегрирана еколошка дозвола;
- Утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- Мониторинг на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава, како и податоци за цврст и течен отпад;
- Утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци;
- Утврдување дали правниот субјект го запазил рокот за поднесување на барање за издавање на дозвола за усогласување со оперативен план (во спротивно истиот се задолжува во рок до 90 дена да го стори истото); и задолжување со решение за изготвување на Елаборат за заштита на животната средина (во спротивно истиот се задолжува во рок до 90 дена);
- Постапување по спроведени мерења од страна на Овластена лабораторија за испитување на нивото на бучава, квалитетот на амбиенталниот воздух и квалитетот на водата за доследно спроведување на законските обврски, односно проверка на максимално дозволените количества кај правните субјекти кои подлежат на издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола и

правните субјекти за кои се издава решение за оценка на влијанието на објектот врз животната средина;
- Постапување по претставки поднесени од страна на правни и физички лица како и постапување по претходно добиени сознанија и по сопствена иницијатива;
- Идентификување и водење на инспекциска постапка за отпадни (хаварисани) возила
- Водење на управни постапки;
- Прием на странки;
- Учество на семинари, обуки, работилници и предавања.

Реден бр.	Општина КАРПОШ 1 извршител	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Инспектор за животна средина	20	35	35	90	35

Реализација на годишнниот план за работа на инспекторите ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања пред надлежен суд согласно своите овластувања

4. Инспекција за домување

За вршење инспекцискинадзор наовластениотинспекторзадомувањеќебидатприменети следнитезаконскииподзаконскиакти:

- Законзадомување(„СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија“ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12 , 55/13, 163/2013, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и Сл. Весник на СРМ бр. 302/2020, 150/2022 и 224/2024);
- Закон за инспекциски надзор („СлужбенвесникнаРепублика СеверенаМакедонија“ бр 102/19)
- Законзаопштатауправнапостапка („СлужбенвесникнаРепубликаМакедонија“ бр. 124/15 и 65/18);
- правилници, и
- уредби.

Предвидќебидатземенииситеможниизменувањаидополнувањаназаконскитеи подзаконскитеакти, какоиевентуалниновинадлежности Одгоренаведените законскииподзаконскиактипроизлегуваатработнитеактивности, коигивршиовластенинспекторзадомувањевотекотна 2025 година.

Праваидолжностинаинспекторот

Овластениот инспекторзадомување, согласночлен 118 став 1 одЗаконотзадомување, вршиинспекцискинадзорнад:

- станбени;
- станбено-деловни, и
- деловно-станбенизгради.
-

Инспекторотвршиконтроладалиуправувањетосоградените објекти севршисогласносоодредбитеипрописитедонесениврзосноваНаЗаконотзадомување, далисепочитуваатпропишанитенормиистандардизадомувањеидалисеуреденизакупничките односисогласносоистиотЗакон.

Овластениот инспекторзадомувањепостапува:

- попретставкиподнесениодстрананаправниифизичкилица, какоипостапувањепопретходнодобиенисознанијаипосопственаиницијатива;
- водењенауправнипостапки;
- приемнастранки;
- учествонасеминари, обуки, работилници или предавања.

Реден бр.	Општина КАРПОШ 1 извршител	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1	Инспектор за домување	3	20	10	33	10

Заинспекцискитенадзори, овластениотинспекторзадомување изготвува месечениго дишенизвештај ииститегидоставувадораководителотнаСектор.

ЗареализацијанаГодишнатапрограма, овластениотинспекторќе изготвуваимесечниоперативнипланови иистите ќегидоставува дораководителотнаСектор.

5. Просветна инспекција

Појдовна основа за изработка на планот за просветна инспекција е Законот за просветна инспекција (Сл. Весник на РМ бр.52/05..... 64/18), Закон за основно образование (Сл. Весник нса РСМ 161/2019 и 229/2020 година),Закон за заштита на децата(Сл. Весник на РМ бр.98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008,23/13, 12/14, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017,21/2018 и Сл. Весник на РСМ бр: 104/2019,146/2019, 275/19 и 311/2020 год.), како и подзаконските акти произлезени од овие закони.

Предвид ќе бидат земени и сите можни изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти,

Согласно горе наведените закони , просветниот инспектор врши инспекциски надзор над:

- условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи и јавните установи за деца основани од општината;
- условите за работа на воспитно-образовните установи основани од општината;
- условите кои се однесуваат на просторот, опремата, кадарот, групите, децата, на јавните установи за деца основани од општината;
- евиденцијата, документацијата и извештаите за работа на јавните установи за деца основани од општината;
- запишувањето на учениците во воспитно-образовните установи основани од општината;
- опфатот на ученицитесогласно реонизацијата на основните училишта;
- превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно-образовните установи и згрижување, престој, нега и исхрана на децата во јавните установи за деца основани од општината;
- следење на згрижување, престој, нега и исхрана на децата за време на штрајк;

- условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од општината и важноста на лиценците за работа на лицата кои се вклучени во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, како и на важноста на лиценците за работа на директорите на установите за заштита на децата основани од општината;
- постапката за формирање на училишните органи во воспитно-образовните установи основани од општината;
- постапката за формирање на управните и други органи во јавните установи за деца основани од општината;

- контрола на средствата стекнати од сопствени извори вовоспитно-образовните установи и во јавните установи за деца основани од општината;

Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:

- остварува увид во извршувањето на законите, другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи и јавнитеустанови за деца основани од општината и да бара потребни податоци за нив;
- укажува на извршување на законите и другите прописи, односно отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или од повредата на законот и другите прописи во воспитно-образовните установи и јавните установи за деца основани од општината;
- спречи спроведување на незконски мерки, дејствиа, работи и постапки во воспитно-образовните установи и јавнитеустанови за деца основани од општината;
- предлага поведување на дисциплинска постапка против вработените во воспитно-образовните установи и јавнитеустанови за деца основани од општината;
- предлага отстранување од работното место во случаите утврдени со овој закон
- го известува Советот на општината за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозува животот или здравјето на децата, учениците и на вработенитево воспитно-образовните установи и јавнитеустанови за деца основани од општината.

Надлежностите на просветниот инспектор ќе се извршуваат во:

- 10 основни училишта;
- 4 јавни установи за деца (детски градинки).

Просветниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработува со сите одделенија и сектори во општина Карпош и државниот орган ДПИ (државен просветен инспекторат).

Овластениот просветен инспектор го врши надзорот преку:

- **Редовниот инспекциски надзор** ќе се врши според однапред предвиден распоред во годишниот план и врз спроведувањето на соодветните закони и прописи донесени врз основа на тие закони.
- **Вонредниот инспекциски надзор** ќе се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовните установи и јавни установи за деца, други граѓани,по налог на

Советот на општина Карпош и по писмена наредба на раководното лице на органот, односно градоначалникот.

- **Контролниот инспекциски надзор** ќе се врши по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот, при што ќе се утврди дали субјектот на надзорот постапил, делумно постапил или не постапил по инспекцискиот акт.

Реден бр:	Општина Карпош 1 извршител	Вид надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилности
		Редовен надзор	Вонреден надзор	Контролен надзор		
1.	Просветен инспектор	25	25	15	65	10

Реализација на годишниот план за работа на просветниот инспектор ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе подготвува барања пред надлежен суд согласно своите овластувања.

ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Имајќи го во предвид Законот за инспекциски надзор, член 49 и член 50, инспекторите се должни континуирано професионално и стручно да се усовршуваат и обучуваат согласно областа на инспекциската служба за која е вработен.

Стручното усовршување се спроведува преку генерички и специјализирани обуки. За генеричките обуки се изработува Годишна програма со најмалку 3 генерички обуки, додека специјализираните обуки ќе се посетуваат од областа која во бидат организирани.

Обуките за останатите административни службеници ќе се реализираат согласно годишниот план за обуки, како и други обуки понудени од правни лица овластени да вршат таков вид на услуга.

БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување Планот за работа на Секторот за инспекциски надзор потребни се финансиски средства кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина КАРПОШ за 2026 година.

1. За отстранување на бесправно изградени објекти на територија на Општина Карпош – 5.000.000 денари
2. За испитување на квалитетот на воздух, вода, и мерење на бучава во урбана средина за потребите на Општина Карпош – 150.000 денари
3. **За набавување на возило за терен– ? денари доколку истото не е овозможено од возило кое веќе го поседува општината**

Вкупен буџет – 5.150.000 денари плус возило доколку се набавува

ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

При вршењето на инспекцискиот надзор овластените инспектори ќе соработуваат со:

- Министерство за внатрешни работи – СВР КАРПОШ;
- Полициска станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при СВР КАРПОШ и тоа при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај;
- Министерството за образованието и наука;
- Државен инспекторат за транспорт;
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам;
- Државен инспектор за животна средина;
- Државен комунален инспекторат;
- Државен просветен инспекторат;
- Државен управен инспекторат;
- Регулаторна комисија за домување;
- Биро за развој на образованието;
- Центарот за средното образование и обука;
- Централен регистер на РМ;
- ЗЕЛС;
- Одделението за урбанизам и животна средина во Општина КАРПОШ заради доставување на информации и документи, вклученост во постапката на издавање/преговори за ИСКЗ дозволи;
- Одделението за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комунална инфраструктура;
- Соработка со службите во општината и Комисијата за давање на мислење по барање за издавање на дозвола за користење на подземна

вода од бунари за дејности или активности за кои е потребна дозвола на територијата на Општина КАРПОШ;
- Соработка со службите во општината и Комисија за Комисијата за давање на мислење по барање за доделување концесија за минерални суровини на територијата на Општина КАРПОШ;
- Соработка со службите во општината во улога на член на Комисија за утврдување на локации за поставување на садови за отпад на јавни површини;
- Соработка со Комисија за јавни набавки
- Други сектори и одделенија при Општина КАРПОШ;
- Стручни и научни установи и институции и др. правни лица во реализирање на доказната постапка (земање на мостри за анализа, извештаи од извршената анализа на почва, отпадна вода, вода во реципиент, загадувачки супстанции од стационарни извори на загадување, бучава во животна средина и соседство и сл.) со кои општината има склучено договор;
- Соработка со други органи и стручни установи за обезбедување на докази при водењето на инспекцискатa и управната постапка.

Согласно Законот за инспекциски надзор инспекцискатa служба ќе изготвува шесто месечни и годишни извештаи за својата работа и истите ќе ги објавува на интернет страницата на Општина КАРПОШ. Исто така на интернет страницата на Општина КАРПОШ ќе се објават листите за проверка за секој закон по кој се врши инспекциски надзор.

Инспекцискатa служба на Општина КАРПОШ ќе продолжи во електронска форма да го води Уписникот за првостепена инспекциска постапка и истиот континуирано ќе се подобрува од страна на предлозите дадени од одделението до одделението за информатичка технологија.

Секторот за инспекциски надзор строго ќе го почитува стандардот ISO 9001:2015, кој веќе е востановен во Општина КАРПОШ. Согласно тоа секторот како услуга на граѓаните има изготвено образец за Иницијатива за инспекциски надзор и Упатство за пополнување на истиот образец. Истите се наоѓаат на интернет страницата на Општина КАРПОШ и се достапни за сите граѓани. Овие документити ќе бидат континуирано ажурирани согласно измената на законската регулатива.